Законската регулатива од областа рамномерен регионален развој и нејзината примена, финансирањето на регионалниот развој, изборот на проекти и надзорот над користењето на средствата доделени за рамномерен регионален развој како и други прашања кои ги откривме и наведовме во прелиминарните истражувања, сами по себе го определуваат овој процес како високо ризичен и подложен на неправилности.
Целта на ревизијата е да даде придонес во откривање на слабостите, неправилностите, пропустите во самата активност на рамномерен регионален развој, подобрување на делот кој се однесува на контролните механизми и поделба на должностите во рамките на активноста. Од прелиминарните информации и откриени ризици, собраната и анализирана документација, како предмет на ревизијата на успешност произлезе следната генерална цел:

- **дали е постигната ефективност од реализација на Програмата за рамномерен регионален развој и**
- **дали утврдувањето и трансферирањето на средствата за рамномерен регионален развој од Буџетот на Република Македонија по проекти е согласно законските прописи.**

Со ревизија се опфатени повеќе ризици кои се определени кај следните области:

- законската и подзаконската регулатива за рамномерен регионален развој и нејзината примена од страна на надлежните субјекти и институции;
- финансирањето на рамномерниот регионален развој од аспект на планирани и реализирани средства за регионален развој од Буџетот на Република Македонија за период 2009 – 2012 година;
- изборот на предлог – проекти и нивното финансирање и
- надзорот на користењето на средствата доделени за рамномерен регионален развој.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да ги открие и даде оценка за ризиците, откривање на слабостите, причините и последиците од воспоставениот систем на функционирање и контрола на активноста рамномерен регионален развој кај надлежните субјекти и институции предмет на ревизијата и да помогне во креирањето на препораки за изнаоѓање на поефективен систем на спроведување на оваа активност. Периодот за кој се врши ревизијата на успешност како и други прашања поврзани со вршење на ревизијата на успешност за посочената област се дефинирани за 2009 - 2012 година со одредени области и прашања кои го покриваат и периодот до декември 2012 година.
Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2012 година.

# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Ревизијата на успешност е спроведена од страна на ревизорска екипа на Државниот завод за ревизија.

Ревизијата е извршена во периодот:

- Прелиминарни истражувања – 03.09. – 21.09.2012 година;
- Вршење на ревизијата – од 24.09. до 21.12.2012 година;
- Анализа на резултати и изработка на Нацрт извештај – 24.12.2012 - 15.01.2013 година.

Ревизијата на успешност е вршена во функција на објективно презентирање на состојбите кај активностите преземени од страна на сите надлежни институции и субјекти вклучени во процесот на рамномерен регионален развој. Со оваа ревизија на успешност опфатени се Центрите за развој на планските региони кои до сега не биле предмет на ревизија, односно ревидирани се процеси - предмет на интерес како на центрите така и на институциите (Владата на Република Македонија, Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, Министерството за локална самоуправа, Бирото за регионален развој) од аспект на примената на законската и подзаконската регулатива, нивото на обезбедени средства за регионален развој, изборот на проекти кои придонесуваат за регионалниот развој како и контролните механизми во самата активност. Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој нацрт извештај.

На ден 15.01.2013 година во просториите на Државниот завод за ревизија е одржана завршна средба /презентација, со цел запознавање на раководството и одговорните лица на субјектите - предмет на ревизија, со основните оценки и препораки произлезени од извршената ревизија.

Од директорот на Бирото за регионален развој, примени се забелешки на Нацрт извештајот, број 16-224/2 од 26.03.2013 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 30-28/40 од 27.03.2013 година кои претставуваат известувања и дополнителни информации за состојбата со воспоставувањето на информацискиот систем а се однесуваат на препорака број три и се соодветно обелодените во Конечниот извештај.